# ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ СО КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

Гостивар, јуни 2023 година

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 43 и член 19 став 2 алинеја 12 од Законот за високото образование, како и на член 96 став 1 алинеја 44 и член 15 став 1 алинеја 12 од Статутот на Меѓународен универзитет Визион во Гостивар, Универзитетскиот сенат на XLII –та седница одржана на ден 13.6.2023 година, го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ СО КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

## 1. Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се уредува целта, политиката, намената, принципите, подрачјата, вреднувањето, структурата, постапките и дејствувањето на Системот за менаџмент со квалитет на Меѓународен универзитет Визион (во натамошниот текст Универзитетот).

## 2. Основна цел на Системот за менаџмент со квалитет

Член 2

Основната цел на Системот за менаџмент со квалитет е постојано подобрување и постигнување повисоко ниво на квалитет во високообразовната, научно-истражувачката, уметничката и применувачката дејност, како и стручната и административната работа на Универзитетот и единиците во неговиот состав.

Реализацијата на оваа цел претпоставува создавање на институционални механизми за системско вреднување и координирање на иницијативите и развојните програми за квалитет, како и критичкото согледување на состојбите по приоритетни области и промовирање на култура на квалитет во сите области на работење на Универзитетот.

Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитетот ги опфаќа четирите домени на квалитет: планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот.

Системот за менаџмент со квалитет треба да дејствува во согласност со Стратегијата за развој и Акциските планови за дејствување на Универзитетот.

## 3. Политика за обезбедување на квалитет

Член 3

Политиката за обезбедување на квалитет се развива во континуитет и произлегува од Визијата, Мисијата и Стратегијата за развој на Универзитетот.

Политиката за обезбедување на квалитет е насочена кон исполнување на барањата и очекувањата на заинтересираните страни (студентите, академскиот кадар, административно-техничкиот персонал, родителите, државните органи и локалната самоуправа, работодавачите, професионални здруженија, стопанските комори, бизнис заедницата и нејзините асоцијации, социјалните, просветните и други институции) и е јавно достапна.

Политиката за обезбедување на квалитет на Универзитетот претставува декларација, но истовремено и обврска на Универзитетот за нејзина реализација и актуелизација преку имплементација на активности за планирање, контрола, обезбедување

и унапредување на квалитетот.

Политиката за обезбедување на квалитет се одразува во стратешките планови и цели и се спроведува во различни области на институционалното работење во согласност со поставените национални, европски и меѓународни стандарди за обезбедување на квалитет и упатствата за квалитет, кои треба да бидат комплементарни.

Политиката за обезбедување на квалитет е основа за унапредување на функционирањето и развојот на Универзитетот преку јакнење на институционалниот и проактивниот капацитет преку успешно прилагодување кон потребите и барањата на општествената заедница.

Политиката за обезбедување на квалитет придонесува за постојано подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на универзитетските дејности и во поширокото општествено опкружување, преку воспоставен систем којшто се однесува на сите институционални структури, политики, процеси, внатрешни и надворешни чинители.

## 4. Намена на Системот за менаџмент со квалитет

Член 4

Намена на Системот за менаџмент со квалитет е воспоставување на принципи, критериуми, процедури, постапки и методологии за планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот во согласност со Законот за високото образование, Статутот и подзаконските акти на Универзитетот.

Принципите, критериумите, процедурите, постапките и методологиите за планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот по својата намена на национално ниво се во согласност со стандардите и насоките за обезбедување квалитет во високото образование усвоени од европските институции и други организации и асоцијации, како и упатствата за евалуација на високото образование во европскиот правен простор.

Системот за обезбедување квалитет на Универзитетот треба да ги земе во предвид специфичностите на конкретни подрачја, полиња, области и дисциплини од науката и уметноста.

## 5. Принципи на Системот за менаџмент со квалитет

Член 5

Принципи на Системот за менаџмент со квалитет се:

- примарната одговорност на Универзитетот за обезбедување и оценување на квалитетот на неговите услуги како и задоволување на барањата на сите засегнати страни на Универзитетот;

- препознавање и обезбедување на интересот на општествената заедница за креирање на нови можности и постојано унапредување на квалитетот на Универзитетот гледано во национален, интернационален и глобален контекст;

- промовирање и подржување на лидерството и визионерството обезбедувајќи предуслови за успешна имплементација на менаџментот со промени;

- промовирање и поддржување на културата на квалитет на Универзитетот;

- промовирање на етичко однесување при што со сите заинтересирани страни ќе се

постапува рамноправно и без конфликти на интереси и ќе се спроведуваат интереси за доброто на општествената заедница;

- обезбедување на можности за демонстрирање на квалитетот на Универзитетот во национален, европски и интернационален контекст;

- обезбедување на ефикасни и ефективни организациски структури како рамка во којашто се реализираат и поддржуваат високообразовната, научно-истражувачката, уметничката и применувачката дејност, како и стручната и административната работа од Универзитетот;

- обезбедување на транспарентност на сите активности во рамки на Системот за менаџмент со квалитет;

- обезбедување предуслови за развој и напредок на академскиот и стручно-административниот кадар на Универзитетот;

- обезбедување ефективен и ефикасен процесен пристап при развивање, имплементирање и подобрување на менаџментот на процеси, со цел постигнување на предвидените резултати во согласност со политиката на квалитет и стратешките цели на Универзитетот;

- обезбедување одржлив успех преку управување на односите со сите заинтересирани страни со цел оптимизирање на нивното влијание на Универзитетот;

- воспоставување, применување, одржување и подобрување на Системот за менаџмент со квалитет врз основа на процес на донесување на одлуки согласно факти и докази;

- создавање на средина во која комуникацијата и целокупното работење со податоци и информации се третираат со соодветна грижа и доверливост.

Член 6

Принципите на Системот за менаџмент со квалитет на Универзитетот се во согласност со стандардот ISO 21001:2018(E).

## 6. Подрачја на внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот

Член 7

Подрачјата на внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот се:

**1. Политики за обезбедување на квалитет** (изготвување и имплементирање на политика за обезбедување на квалитет од Универзитетот, формално усвојување на политиката за обезбедување на квалитет, јавна достапност на политика за обезбедување на квалитет, создавање на ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието, развој и унапредување на квалитетот на образованието, функционирање во Универзитетот на тело одговорно за имплементација на политиката за обезбедување на квалитет, анализа на информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет (статистички податоци, извештај за самоевалуација, извештај за надворешна евалуација и др.).

**2. Креирање, одобрување и следење на студиските програми** (донесување на акт и/или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии, добро осмислена и опишана содржина на

студиски програми согласно целта на програмата, изготвување на студиски програми кои овозможуваат студентот да се стекне со академско знаење и вештини, изготвување на студиски програми кои одговараат на развојните потреби на општеството и економијата, константно периодично ревидирање на студиските програми за да се избегне застарување, но и за да се задоволат потребите на студентите и општествената заедница, усогласување на студиските програми со најдобрите странски искуства и практики, добро структуирани надворешни активности во студиските програми (обуки, практична работа и др.), адекватно оптоварување на студентот со студиската програма, адекватно валоризирање на практичната настава во студиската програма, јавно објавување на информациите за студиските програми на сајтот на Универзитетот, објавување на студиските програми на јазикот на кој ќе се изведува наставата, системска анализа на статистички податоци за број на предмети кои се реализираат, број на студенти, оцени, број на студенти и причини поради кои ги напуштиле студиите и слично).

**3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентиот** (создавање и надградување на механизам за мотивација на студентите во процесот на учењето, примена на различни модели на настава со отворена можност кон флексибилни пристапи на учење, адаптација на начините на изведување на настава со посебен фокус кон интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот, учење базирано на проекти, транспарентност на методите на вреднување и оценување на студентите, доследно и праведно оценување на студентите прилагодено кон целите на програмата, постоење на формална функционална и ефикасна процедура за жалба и формална функционална и ефикасна процедура за прием и постапување по пријава за корупција).

**4. Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати** (јасно разбирливи и јавно достапни прописи за запишување и напредување на студентите за време на студиите, како и за добивање на диполоми и сертификати, постоење на функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот (што би биле?) развиена постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење на студентите за време на студиите вклучувајќи и за време на мобилност на студентите,

**5. Наставен кадар (**обезбедување компетентен наставен кадар**,** балансирано оптоварување на наставниот кадар и развој на научно-истражувачката работа, објавени трудови на наставниот кадар во последните 5 години, ангажирање на наставниот кадар во согласност со закон и согласно јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, развиена постапка за обезбедување на соодветни работни услови на наставниот кадар, можност за професионален развој и мотивирање на наставниот кадар, отворена можност за ангажирање на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство, потикнување на научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката, процедури за развој на иновативноста и размената на академското знаење, воспоставување на систем за академски интегритет и спречување на плагијаризам, донесување на акт/документ за научноистражувачка работа).

**6. Ресурси за учење и поддршка на студентите (**соодветно финансирање на активностите за учење и настава со цел лесна достапност на техничките ресурси (библиотека, лабаратории, простори за работа, информатичка опрема и др.) за учење и поддршка на студентите, постојан мониторинг на техничките ресурси, ефикасен систем за финансирање на научно-истражувачка дејност, инфраструктура за учење на далечина, организирање на работата на помошните/административните служби во функција на

внатрешно обезбедување на квалитет,  вклучување на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии, специфични форми на подршка на студентите ( советник за академски развој, менторски сесии, психолошка подршка и др.), функционален систем за следење на алумни заедницата, учество на студентите во управувањето.

**7. Управување со информации (**систем за собирање и анализа на податоци со цел успешно спроведување на студиските програми и другите активности, информации релевантни за профилот на Универзитетот (клучни показатели на успех, профил на студентската популација, напредок на студентите, успех и стапка на отпишување на студенти, степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите, ресурси за учење и подршка кои се достапни на студентите, податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн, регистар на значајни настани, активности и процеси и систем за безбедност на податоците и информациите во печатена и електронска форма).

**8. Информирање на јавноста** (редовно објавување на податоци за студиските програми и другите активности, точност, јасност, прецизност, објективност, лесна достапност и постојано ажурирање на информациите објавени на веб страната и другите медиуми на Универзитетот, организирање на саеми за презентирање на активностите и студиските програми, информации за студиските програми кои се реализираат, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои може да се стекне студентот како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документи кои задолжително се објавуваат по сила на закон: Статутот на единицата во рамки на Универзитетот и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи, Решенијата за акредитација на секоја студиска програма одделно, Решенијата за почеток со работа за секоја студиска програма одделно, Актот за систематизација, Деловникот за работа на наставно-научниот односно научниот совет, Правилникот за плати и надоместоци на единицата, Извештај и Одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, Распоредот на работните задачи за тековната учебна година, Завршната сметка, Годишниот извештај, Прифатените теми за изработка на магистерски трудови, Прифатените теми за изработка на докторски трудови, Акти кои ги носи единицата во согласност со закон и Етичкиот кодекс).

**9. Меѓународна соработка и интернационализација** (мобилност на студентите, политика за меѓународна соработка и интернационализација, определување на тело за меѓународна соработка и интернационализација во рамки на Универзитетот, финансиски ресурси за реализација на меѓународната соработка, процес на мобилност на академскиот кадар, соработка со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми, систем за привлекување на студенти и академски кадар од странство).

Член 8

Подрачјата на внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот се во согласност со стандардите и индикаторите за квалитет во високото образование.

Член 9

Внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот може да се прави и согласно други адекватни меѓународни стандарди за квалитет.

## 7. Подрачја на вреднување на Системот за менаџмент со квалитет

Член 10

Основни подрачја на вреднување на Системот за менаџмент со квалитет се:

- правила и постапки за планирање контрола обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот;
- постапка за самоевалуација и надворешна евалуација;
- постапка за осовременување и развој на студиски програми;
- постапка за запишување на студенти на студиски програми;
- постапка за развој на наставниот кадар во процесот на предавање и учење;
- постапка за развој на наставниот и соработничкиот кадар во научно-истражувачката дејност;
- постапка за развој на соработничкиот кадар во процесот на вежби;
- постапка на развој на сите организациски единици;
- техничко-технолошки услови и опременост за наставна и научно-истражувачка дејност.

## 8. Структура на Системот за менаџмент со квалитет

Член 11

Во Системот за менаџмент со квалитет е интегрирана меѓусебната соработка и делување на повеќе органи и тела на Универзитетот и тоа:

- Центар за обезбедување на квалитет
- Универзитетски сенат
- Ректор
- Ректорска управа
- Комисија за самоевалуација на Универзитетот
- Комисија за подготовка на надворешна евалуација на Универзитетот
- Постојни Комисии на Универзитетот
- Наставно-научни совети на единиците на Универзитетот
- Стручна и административна служба.

Член 12

Системот за менаџмент со квалитет дејствува интегрирано и координирано на ниво на Универзитетот.

## 9. Постапки за проценка на квалитетот

Член 13

Квалитетот во Системот за менаџмент со квалитет се планира, контролира,

обезбедува и унапредува согласно поставените цели во Стратегијата за развој и плановите за дејствување на Универзитетот.

Член 14

Постапки преку кои се врши проценка на квалитетот на образованието и целокупното работење на Универзитетот се:

- постапката за самоевалуација
- постапката за надворешна евалуација од страна на домашни тела
- постапката за надворешна евалуација од меѓународни тела
- постапката за рангирање на универзитетите
- други постапки чии резултати може да имаат ефект врз квалитетот на образованието и останатото работење на Универзитетот.

Член 15

Системот за менаџмент со квалитет континуирано применува и стандарди за систем за менаџмент со квалитет како ISO 9001, ISO 21001 и други стандарди со цел унапредување и постигнување на целите за квалитетот на Универзитетот.

Член 16

Самоевалуацијата на Универзитетот и на единиците во состав на Универзитетот се спроведува на интервали од најмногу три академски години, врз основа на Упатството за работата на Комисијата за самоевалуација донесено на седницата на Сенатот на Универзитетот од 14.08.2015 година.

Постапката за самоевалуација на Универзитетот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, а на единиците ја спроведуваат соодветните комисии за самоевалуација на секоја единица.

Дел од постапката за самоевалуација е и студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми и наставно-научниот и соработничкиот кадар на единиците на Универзитетот.

Резултатите од самоевалуацијата се составен дел на Извештајот за самоевалуација, и задолжително се доставуваат до Министерството за образование и наука, кое изготвува интегрален извештај за резултатите од самоевалуацијата за универзитетите.

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницата на Универзитетот и на единиците.

Член 17

Постапката за надворешна евалуација подетално е регулирана во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153 од 06.07.2022 година).

Постапката за надворешна евалуација од меѓународно тело ја спроведува надлежно меѓународно тело согласно Програма за институционална евалуација.

При вршењето на надворешна евалуација од меѓународно тело заради обезбедување на воедначен квалитет на високото образование на единствениот европски простор за високо образование се применуваат прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) кои се применуваат од Европската заедница за евалуација во високото

образование и од други институции, организации и заедници кои ги воспоставуваат и применуваат европските стандарди и упатства за евалуација за вршење на надворешна евалуација, како и услугите на признати меѓународни организации и заедници кои вршат обезбедување на квалитет на високото образование.

Член 18

Постапката за рангирање на универзитетите ја спроведува Министерството за образование и наука, на секои две години, преку правно лице избрано од Министерот, според пропишани критериуми.

Универзитетот и единиците во негов состав имаат обврска на избраното правно лице кое го спроведува рангирањето да му ги достават сите податоци потребни за рангирањето.

Резултатите од рангирањето и критериумите по кои е извршено рангирањето се достапни на јавноста во рок од осум дена по изготвувањето на извештајот за резултатите од рангирањето со ранг-листата, преку објавување на веб страницата на Министерството за образование и наука.

Министерството за образование и наука е должно во рок од осум дена по приемот да го достави извештајот за резултатите од рангирањето со ранг-листата до сите универзитети и единици во состав на универзитетите.

## 10. Дејствување на Системот за менаџмент со квалитет

Член 19

Системот за менаџмент со квалитет треба да дејствува координирано со цел ефективно и ефикасно остварување на поставените цели во Стратегијата за развој и плановите за дејствување на Универзитетот и единиците во негов состав.

Член 20

Предмет на дејствување на Системот за менаџмент со квалитет се сите процеси, ресурси, структура, функции и одговорности кои ги опфаќаат следниве подрачја:

- наставна дејност;
- научно-истражувачката дејност;
- применувачка дејност;
- обезбедување на квалитет на студиски програми;
- постапки за оценување на студентите;
- развој на човечки ресурси;
- користење и развој на материјални ресурси;
- развој на информатичкиот систем;
- задоволство на внатрешните и надворешните корисници;
- меѓународната соработка;
- друго.

Член 21

Системот за менаџмент со квалитет треба да дејствува и согласно резултатите добиени од конечните Извештаи по завршените постапки за процена на квалитетот на

образованието.

Член 22

Дејствијата на Системот за менаџмент со квалитет треба да бидат насочени кон добро планирање, ефективна контрола како и обезбедување и унапредување на квалитетот на работењето на Универзитетот.

## 11. Преодни и завршни одредби

Член 23

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во Гласникот на Универзитетот.

**Претседател на сенат, с.р.**